БО 12:43

REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2008/2
23.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 23.04.2024 година, во врска со Предлогот бр.03-2009/1 од 23.04.2024 година за поведување прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје за прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување бр.10-2007/1 од 23.04.2024 на ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје и утврди прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик.

2. Советот заклучи против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека спротивно на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, во периодот од 4 до 22 април 2024 година, телевизијата не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, за време на изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**